РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 20. 05. 2025 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 105 | | |

2495

До: Општина Битола

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од:
[redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Какви мерки и алатки се користат моментално за информирање на јавноста за можностите за помош и заштита на жртвите на семејно насилство во Општина Битола?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- електронски запис

Начин на доставување на информацијата:

- е-маил

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

Во Битола, 20.05.2025 година .

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Координатор за еднакви можности

Бр.11-105/2
23.05.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-105/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

МА

23.05.25

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 30. 05. 2025
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 11 | /3 | | |

До лице за посредување на информации

од јавен карактер

Емилија Илијевска

Почитувани,

Со потпишување на Меморандум за соработка помеѓу, Општина Битола и Национална мрежа против насилство врз жени и девојчиња во Декември 2022 година беше отворен Соватодавниот центар за жртви на семејно и родово базирано насилство, а Општина Битола за тоа секоја година издвојува 1 000 000 денари од својот Буџет во програмата за Еднакви можности помеѓу мажите и жените.

Отворањето на овој центар значи сериозна заложба Битола да прерасне во општина со еднакви можности за сите и за жените и за мажите, како резултат на решеноста Општина Битола да биде вистинска поддршка за сите нејзини граѓани, а услугите кои ќе ги нуди да одговараат на нивните индивидуални потреби. Оттаму неопходноста од отворање на еден ваков Регионален советодавен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство, Битола е една од првите општини во Државата која со сопствени средства го овозможува неговото функционирање.

Во континуирана соработка на полицијата и Центар за социјална работа – Битола од каде и се упатуваат жртвите во Советодавниот центар им се пружи примарна психолошка помош, правно советување и кариерно советување, во 2023 година советодавниот центар истретирал 57 случаеви од кои помош им е пружена на 29 жени, 16 девојчиња и 12 момчиња, а во 2024 година услугата ја искористиле 68 корисици од кои 35 жени, 19 девојчиња и 14 деца.

Во периодот на 2023 и 2024 година Национална мрежа и Советодавниот центар има одржано работилници, промотивни материјали за афирмација и информирање на граѓаните за постоењето на центарот и можноста за користење на нивните услуги, одржување на тркалезни маси со граѓанските организации се со цел за поголемо вмрежување и споредување на локални политики, кампања за собирање на донации на храна и хигенски препарати се со цел да им се помогне на жртвите.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија

тел: 047 234 234 047 208 332 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Општина Битола континуирано се приклучува на кампањата 16 дена активизам против родово базирано насилство, со оргфанизирање на трибини и јавно говорење, истакнување на овој проблем се со цел охрабрување на жртвите да го пријават насилникот, а со тоа работи на подигнување на свеста за намалување на секаков вид на насилство.

Општина Битола, активно беше вклучена во кампањата на Макпетрол „ Крени глас против врсничко насилство“ спроведена во основните училишта во Битола се со цел намалување на агресивното однесување и насилство од најмала возраст.

Исто така, преку здруженијата на граѓани преку програмата за еднакви можности се работи на делот на превенција и подигнување на свеста за намалување на секаков вид на насилство.

Во однос на прашањата за број на жртви и нивната разделеност по релевантни категории ја води Министерството за социјална политика , демографија и млади. За потребите на општината секогаш ги имаме на располагање.

Континуирано соработуваме со Центарот за социјални работи Битола и МВР Битола во решавање на одредени проблеми поврзани со жртвите на семејно насилство согласно надлежностите и можностите на Општината излегуваме во пресрет на решавање на истите.

Згрижувањето на жртвите е надлежност на Центарот за социјална работа, кои располагаат со згрижувачки објекти односно Шелтер центар, а Општината дава еднократна финансиска поддршка на жртвите од страна на Комисијата за финансии и буџет или Градоначалник. Со одлука на Советот на Општина Битола ја покриваме партиципацијата за детска градинка на децата на жртвите на семејно насилство.

Битола

30.05.2025

Координаторка за еднакви можности

Викторија Христовска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија

тел: 047 234 234 047 208 332 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-105/4
30.05.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **20.05.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted], по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-105/2025** од **30.05.2025 година**, за информација за мерки и алатки за информирање на јавноста за можности,помош и заштита на жртвите на семејно насилство во Општина Битола.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-104/2025 на ден 30.05.2025 година. Во барањето наведе дека бара информација мерки и алатки за информирање на јавноста за можности,помош и заштита на жртвите на семејно насилство во Општина Битола.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-105/1 од 20.05.2025
2.Допис до Координатор за еднакви можности со бр.11-105/2 од 23.05.2025
3.Одговор од Координатор за еднакви можности со бр.11-105/3 од 30.05.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 30.05.2025 година, под бр. 11-105/4.

**Службени лица за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА